Бр: 10-87
Скопје: 18.08.2021

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), а врз основа на Барањето на мислење добиено од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 13-903/1 од 23.07.2021 година (Наш број 10-87 од 05.08.2021 година), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 18.08.2021 година го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

Најавата за реализацијата за втор инвестициски проект на Друштвото за производство и трговија Џојсон Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Кичево, предвидува инвестирање во материјални и нематеријални средства поврзани со постојната фабрика во ТИРЗ Кичево и е во согласност со Законот за контрола на државната помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на РМ" бр. 109/13), под услов вкупниот интензитет на регионалната помош кој Друштво за производство и трговија Џојсон Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Кичево која би ја добила од државата како индивидуална помош и /или преку шема на помош да не надминува 50% од оправданите инвестициски трошоци, со тоа што корисникот на помошта задолжително мора да учествува со најмалку 25% во финансирањето на проектот, согласно член 5 став 4 од Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош, а инвестицијата да се одржува најмалку 5 години по целосната реализација, согласно член 6 став 1 од Уредбата.

Давателот на државната помош, согласно член 6 став (1) од Законот за контрола на државната помош каде давател е Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони е должен да поднесе известување за планирано доделување на помош согласно член 13 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на РМ„ бр. 145/10) и согласно Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на РМ„бр. 142/11).

Во Барањето на Мислење бр. 13-948/1 од 05.08.2021 година наведено е дека во согласност со Законот за технолошки индустриски развојни зони, а за потребите на инвестицискиот проект, компанијата во рамки на инвестицискиот проект, планира до крајот на 2022 година да инвестира 513.000.000 денари.За потребите на новиот производствен капацитете друштвото планира да креира 180 нови работни места.Побарано е мислење од Комисијата за заштита на конкуренцијата **дали моделот и видот на државна помош кој би и се доделил на компанијата за да ја реализира инвестицијата е усогласена со предлог-пакетот за регионална помош кој би се доделил за реализирање на вториот инвестициски проект :**

- **Помош од 10% од износот на Оправданите инвестициски трошоци за набавка на нови машини и трошоци во врска со зграда како и нематеријални средства**
- **Држана помош за создавање на нови работни места, со полно работно време до Датумот на завршување**

- **Помош од 10% од износот на Оправданите инвестициски трошоци реализирани до Датумот на завршување.**

Во членот 1 став 1.1 од Предлог - Договорот за доделување на државна помош со Друштвото за производство и трговија Џојсон Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Кичево кој е доставен во прилог со Барањето на мислење, **дефинирани се** „Оправданите инвстициски трошоци" и „Датумот на завршување". Согласно член 4 став 4.1 **Помош од 10% од износот на Оправданите инвестициски трошоци за набавка на нови машини и трошоци во врска со згради во Зоната, како и за нематеријални средства, реализирани до Датумот на завршување** ќе се исплаќа во три транши. Во членот 4 став 4.2 е наведено дека доколку Џојсон Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ инвестира износи различни од траншите во став 4.1 државната помош за секоја транша ќе изнесува 10% од реализираните Оправдани трошоци, за набавка на нови машини и трошоци поврзани со згради во Зоната. Согласно член 5 став 5.1 и 5.2 **Државна помош за создавање на нови работни места, со полно работно време** ќе се исплаќа за 180 нови работни места. Доколку се зголеми бројот на работните места помошта за првите 300 нови работни места ќе изнесува 2.000 евра за едно работно место, а за следните креирани над 300 нови работни места ќе изнесува 2.500 евра за едно работно место. Согласно член 6 став 6.1 и 6.2 **Помош од 10% од износот на Оправданите инвестициски трошоци** ќе се исплаќа во три транши, и доколку Џојсон Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ инвестира износи различни од износите во траншите од став 6.1 помошта ќе изнесува 10% од реализираните Оправдани инвестициски трошоци.

Во членот 7 став 7.1 е наведено дека Друштвото за производство и трговија Џојсон Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Кичево ќе инвестира износ не помал од 513.000.000 денари како оправдани инвестициски трошоци. Износот на оправданите инвестициски трошоци ќе се пресметува врз основа на официјални документи (нарачки за набавка, понуди, договори, фактури ....).
Џојсон Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Кичево се обврзува да ја задржи инвестицијата во период од најмалку 5 години сметано од Датумот на завршување на инвестицискиот проект и ќе финансира најмалку 25% од оправданите инвестициски трошоци за инвестицискиот проект од сопствени извори или од трета страна во форма која не претставува државна помош.
Согласно горенаведеното, **планираното доделување на регионална државна помош преку предлог – пакетот е дозволено доколку вкупниот интензитет на регионалната помош која инвеститор** – Џојсон Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Кичево **би ја добил од државата** (независно кој орган се јавува како конкретен давател на помошта) како индивидуална помош и /или преку шема на помош не надминува 50% од оправданите инвестициски трошоци, со тоа што **корисникот на помошта задолжително мора да учествува со најмалку 25% во финансирањето** на проектот, согласно член 5 став 4 од Уредбата за за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 109/13„), а инвестицијата да се одржува најмалку 5 години по целосната реализација, согласно член 6 став 1 од Уредбата.

Комисијата за заштита на конкуренцијата дала Мислење бр. 09-1653/2 од 23.12.2014 во однос на предлог пакетот на државна помош кој Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони планира да ја додели на компанијата Ки Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ, чиј инвестициски проект предвидува изградба на згради, погони и објекти за производство на воздушни перничиња и останати безбедносни производи за автомобилска индустрија лоцирана во ТИРЗ Кичево. Исто така, Комисијата за заштита на конкуренцијата со Решение бр. бр.10-13 од 23.01.2015 го одобри доделувањето на планирана државната помош за регионален развој на Ки Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ. Оваа помош Комисијата за заштита на конкуренцијата ја квалификуваше како доделување на државна помош преку шема на помош предвидена во Законот за технолошко

индустриски развојни зони („Службен весник на РМ “ бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10 и 127/12) за чие доделување не е потребно дополнително одобрување од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со оглед на фактот дека со Одлука бр. 10-413/2 од 04.11.2008 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата го одобри Законот за технолошки индустриски развојни зони како шема на помош за доделување на државна помош на корисниците на технолошко индустриските развојни зони основани од Владата на Република Македонија како и доделување на регионална индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 11 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), при што одлучи дека доделувањето на истата е дозволено.

Во врска со горенаведеното потребно е дополнително појаснување дали оваа помош која треба да ја добие компанијата Џојсон Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ Кичево е истата компанија за која Владата на Република Северна Македонија ја доделила преку Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на Ки Сејфти Системс Македонија ДООЕЛ за првиот инвестициски проект во периодот од 2015-2018 година.

Со оглед на ова, Комисијата за заштита на конкуренцијата укажува на постоењето на член 9 од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош и потсетува дека треба да се води сметка за поимот на голем инвестициски проект.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**